# Вентилатор

## Берлинале

Акциониот трилер „The International“ на германскиот режисер Том Тиквер ќе го отвори 59. издание на Берлинскиот филмски фестивал. Во филмот, кој истовремено ќе ја доживее својата светска премиера токму на Фестивалот во Берлин, актерите Клајв Овен и Наоми Вотс толкуваат улоги на агенти кои се обидуваат да откријат криминална трансакција на една моќна банка. Организаторите на фестивалот најавија дека филмот ќе биде прикажан надвор од натпреварувачката конкуренција. Инаку, режисерот Тиквер е познат по филмовите „Трчај, Лола, трчај“ и „Парфем“. Филмскиот фестивал во Берлин ќе се одржи од 5 до 15 февруари 2009 година, а претседател на жирито е британската актерка Тилда Свинтон. (Д.Б.)



Том Тиквер

## Криза е!



Сотби

Заклучокот на британските медиуми по најновата четиридневна аукција во лондонската куќа „Сотби“, на која беа понудени слики, религиозни икони, ретки книги и други скапоцени предмети, е дека заврши френетичното купување уметнички дела на лондонските аукции. Според информациите од „Сотби“, на аукцијата биле постигнати резултати дури и под најниските очекувања. Така, се продале дела на руски уметници во вредност од 25 милиони фунти (очекуваниот минимум бил 30 милиони фунти), а дури една третина од изложените дела воопшто не биле продадени. Аналитичарите проценуваат дека на светскиот уметнички пазар бил забележан пад за дваесет отсто. (Д.Б.)



# Вредноста има особина да опстои

ПИШУВА: ТОНИ ДИМКОВ
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*



**ИСКЛУЧИТЕЛНОСТ** Предраг Урошевиќ беше автор кој тешко се вклопуваше во дадената институционална рамка

Иницијативата на неколку блиски пријатели и луѓе кои го почитуваат ликовното дело на Предраг Пепи Урошевиќ (1963-2007) резултираше со изложба на четириесетина дела, од различни фази и творечки циклуси на уметникот, поставени во Музејот на град Скопје. „Верувам дека е важно да се обидеме да заштитиме нешто кревко и скапоцено, како што е творештвото на Пепи Урошевиќ. Со оваа изложба, сакал тоа некој да го види или не, се ревалоризира творештвото на автор кој тешко се вклопуваше во дадената институционална рамка за успешен уметник, а со тоа барем малку се нарушува утврдениот перевертиран систем на вредности кај нас. Со изложбата јавно се поставуваат непријатни прашања, како што е прашањето дали ние во нашава средина воопшто сме подготвени да признаеме нечија исклучителност?“, прашува ликовниот критичар Емил Алексиев, куратор на изложбата.



■ **ОПУС** Поставувањето на изложбата нема директен повод, но суштината е концентрирана во обидот од заборавот да се зачува еден мал, но значаен творечки опус. На изложбата се застапени сите релевантни дела на авторот што сè уште се достапни за презентација. Одреден број дела, пред сè, дела од проектот „IN-OUT“ (1995), не се зачувани во оригинална форма или се веќе сосема уништени. Секако, станува збор за репрезентативен избор кој ги покрива сите етапи од творештвото на Пепи Урошевиќ, со тежиште поместено на раниот период од неговата дејност и циклусот „Линија и простор“, за кој критиката вели дека е и најинтересен за историјата на македонската современа ликовна уметност.

■ **ПРИКАЗНА** Со намера творештвото на Урошевиќ да се оттргне од заборавот, изложбата индиректно ја раскажува животната приказна на уметникот. „Приказната за Пепи Урошевиќ е приказна за уметник во земја која тешко препознава, а уште потешко признава нечија исклучителност. Тој беше автор свртен кон себеси и кон малите и минливи нешта. Неговата приказна не е со среќен крај, туку е приказна за талентиран уметник кој не успеал наполно да ги оствари сопствените творечки можности, уметник заглавен во оваа наша провинциска леплива кал. Сепак, вредноста, сама за себе, има особина да опстои наспроти сè. Колку повеќе се обидуваат да ја згазат или удават, вредноста, уште поупорно, се појавува на површината од ова наше духовно мочуриште, во што, сè повеќе, се претвора нашата држава“, заклучи Алексиев. ■



## ОЛИВЕР ЈОСИФОВСКИ ПРЕПОРАЧУВА



Оливер Јосифовски свири контрабас во групата „Љубојна“, познат е и како поранешен член на „Фолтин“, го измисли инструментот олистаклофон, а за „Глобус“ препорачува:

### КНИГА



„Норвешка шума“ е најпознатиот роман на Харуки Мураками. Книгата е сведоштво за една слободна љубов со многу поп-музика од шеесеттите години. Романите на Мураками се забавни, модерни, се читаат лесно и навистина вреди да се прочитаат.

### ФИЛМ



„Дискретниот шарм на буржоазијата“ од Буњуел. Ликовите во филмовите на Буњуел ме веселат, а ситуациите се изградени на начин на кој само тој може да ги прикаже. Го спомнавме филмот на една седенка... и со часови се смеевме на разните детали и приказни.